**Известување за концентрација со која Линк Мобилити Група АС, Норвешка стекнува единствена контрола над Мателаб С.р.л., Италија (предмет бр. 08-133/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 14.12.2021 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото Линк Мобилити Група АС, со седиште на Университетсгата 2, 0164 Осло, Норвешка ќе стекне единствена контрола над друштвото Мателаб С.р.л., друштво со ограничена одговорност со седиште на Виа Рома бр. 6, 23900 – Лекко (ЛЦ), Италија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Линк Мобилити Груп АС** (Link Mobility Group AS), е акционерско друштво организирано во согласност со законите на Норвешка, регистрирано во Трговскиот регистар на Норвешка под идентификациски број 984 066 910, со седиште на Университетсгата 2, 0164 Осло, Норвешка (Universitetsgata 2, 0164 Oslo, Norway) (во натамошниот текст „Линк Мобилити“).

Линк Мобилити е еден од водечките снабдувачи во Европа за мобилни известувања и платформи за комуникација како услуги (communications platform as a service) (CPaaS) за зголемена инволвираност. Друштвото услужува претпријатија, мали и средни друштва и клиенти од јавен сектор.

Линк Мобилити индиректно има две регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија:

— **Трговско друштво Тера Комуникејшс ДООЕЛ Скопје**, со адреса на ул. 11-ТИ ОКТОМВРИ, бр.25, канцеларија./705 - кат 7, Центар - Скопје, Република Северна Македонија (во натамошниот текст: „Тера МК“); и
— **Друштво за услуги РАЗВОЕН ЦЕНТАР НА ЕМАИЛПЛАТФОРМ ДООЕЛ Куманово**, со адреса на ул. „100“ бр. 59, Куманово, Република Северна Македонија (во натамошниот текст: „РАЗВОЕН ЦЕНТАР“).

Главните активности на Тера МК вклучуваат:

- Услуги на масовно испраќање на СМС пораки (А2П СМС) услуги кои се обезбедуваат на деловни клиенти;
- Премиум СМС/премиум гласовни услуги кои се обезбедуваат на деловни клиенти;
- Посветени веб услуги за промотивни и мобилни маркетинг решенија (вклучувајќи управување со развојот на присуство на интернет и регистрирање на промотивни кодови);

- Б2Б услуги на оператори на мобилна мрежа (ОММ).

Регистрираната дејност на РАЗВОЕН ЦЕНТАР е компјутерско програмирање.

**Мателаб С.р.л** (Matelab S.r.l.) е друштво со ограничена одговорност, организирано во согласност со законите на Италија, регистрирано во Трговскиот регистар на Комо-Лекко, со регистарски бр. 03716450139 и со седиште на - Виа Рома бр. 6, 23900 – Лекко (ЛЦ), Италија (Via Roma no.6, 23900 – Lecco (LC), Italy) (во натамошниот текст: „Мателаб”).

Мателаб е активно во областа на развој на софтвер, дизајн, претплата и/или инсталација на четбот (chatbot).

Линк Мобилити нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

Подносителот смета дека **релевантниот пазар на производи** може да се дефинира како пазар на услуги на информатичка технологија (IT)

Што се однесува до **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како национален или поширок од национален.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

16.12.2021 година, Скопје